РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ
**ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА - СКОПЈЕ**

# МОЌ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА ОДЛУКИ НА ЖЕНИТЕ ВО ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ СТОПАНСТВА

# КЛУЧНИ НАОДИ И ЗАКЛУЧОЦИ ОД ЕКСПЕРИМЕТАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ МЕТОД СПРОВЕДЕН ВО 462 ЗЕМЈОДЕЛСКИ СТОПАНСТВА

## КЛУЧНИ НАОДИ

### ДОНЕСУВАЊЕ НА ОДЛУКИ - *“DICTATOR/MONEY ALLOCATION GAME”* *(FORSYTHE ET AL., 1994; ENGEL, 2011)*

- Кога жената и мажот треба да донесат заеднички одлуки, во најголем процент се одлучуваат за остварување на највисока исплата за домаќинството.
- Кога жената и мажот заедно донесуваат одлуки, жените не се обидуваат да остварат лична највисока исплата за сопствена корист.
- Кога жената и мажот донесуваат заеднички одлуки за распределба на средствата, жените почесто ги почитуваат барањата на мажите за највисока исплатата за мажот, наместо за лична повисока исплата односно исплата за ефикасно домаќинството.

## ВЛИЈАНИЕ НА НИВОТО НА ЗАЈАКНАТОСТ НА ЖЕНИТЕ ВО ДОНЕСУВАЊЕТО НА ОДЛУКИ

- Кога станува збор за жена која нема моќ на преговарање, нејзиниот партнер најчесто не се определува за највисоката исплата за ефикасност на домаќинството, туку се определува за највисока лична исплата.
- Кога станува збор за жена која има моќ на преговарање, нејзиниот партнер најчесто се определува за највисоката исплата за ефикасност на домаќинството, преку распределба на повисока исплата за жената и за домаќинството, а пониска лична исплата.



## ЗАКЛУЧОЦИ

- Жените се однесуваат поинаку кога одлучуваат сами, во споредба кога одлучуваат заеднички во присуство на мажот, со тенденција да ја усогласат својата одлука со одлуката на мажот.
- Мажите покажаа повисока преговарачка моќ при донесување на одлуките во рамките на домаќинствата.
- Жените кои имаат преговарачка моќ, имаат поголемо влијание во зголемување на ефикасноста на домаќинството преку определување и распределба на највисоката исплата за домаќинството.

Оваа публикација е изработена во рамките на проектот „Мерење на нивото на зајакнување на жените во земјоделството со примена на експериментален економски метод“, имплементиран од Факултетот за земјоделски науки и храна - Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, поддржан од Телото на ОН за родова еднаквост и зајакнување на жените - UN Women.

Мислењата и ставовите изразени во оваа публикација се мислења и ставови на авторите и нужно не ги претставуваат мислењата и ставовите на UN Women, Обединетите нации или на другите придружни организации. Наведените граници и имиња како и ознаките користени на мапите од овој извештај не претполагаат официјална потврда или прифаќање од страна на Обединетите нации.

UN WOMEN